# Изјава за приватност на интернет страницата

## Безбедност

Интернет страницата на My Aged Care не ги зачувува вашите лични податоци. Податоците кои се собрани преку интернет страницата се чуваат во системот на My Aged Care, до кои имаат пристап само овластени лица.

Интернет страницата е тестирана со највисоко ниво за сигирност на интернет страници. Меѓутоа, им се советува на корисниците дека постојат својствени ризици на целиот интернет, вклучувајќи го и ризикот дека информациите до или од некоја интернет страница може да бидат пресретнати, корумпирани или променети од страна на трети лица. Ако сте загрижени заради безбедноста, или ако сакате да доставите лични податоци на поинаков начин (на пр. по телефон или написмено), вие може да се јавите во Контакт центарот на телефон 1800 200 422.

## Аналитика

За да имате подобро искуство на нашата интернет страница ние употребуваме „колачиња“. Колачињата се стандард во оваа индустрија и повеќето интернет страници ги употребуваат.

Кога ја употребувате оваа интернет страница, Министерството ја регистрира вашата посета и ги забележува следниве податоци заради статистички и административни цели:

- адреса од серверот на корисникот
- најглавната идентификација на корисникот
- датум и време на посетата на интернет страницата
- кои страници се посетени и кои документи се симнати
- претходната посетена страница
- вид на употребен пребарувач.

Овие податоци се анализираат за да ни го покажат прекинот на врските во нашата интернет страница, тесните грла и други проблеми со страницата. Ние ги употребуваме овие податоци за да ја одржуваме нашата страница, за вие ефикасно да ја употребувате.

Министерството употребува колачиња за да одржува контакт со корисникот за време на интернет посетата. Колаче е мала датотека која ја обезбедува Министерството, а која софтверот за пребарување на интернет ја зачувува на вашиот компјутер кога ќе ја посетите нашата страница. Колачињата ни овозможуваат да ве препознаеме вас како индивидуален корисник на интернет додека пребарувате по нашата интернет страница.

Оваа страница може да користи два вида на колачиња:

### *Колачиња за времетраење на сесијата*

Ваквите колачиња постојат само додека трае сесијата на посебна интернет страница/домаќин. Сите колачиња веднаш ќе се изгубат кога ќе ја завршите вашата сесија или кога ќе го затворите компјутерот. Нашата копија од вашите податоци автоматски ќе се избрише после 20 минути откога сте го употребиле системот последен пат. Овие информации се употребуваат само за да ви помогнат да го користите нашиот систем на интернет страницата поефикасно, а не за да се следи вашето движење на интернет или за да се забележат лични податоци за вас.

### *Постојани колачиња*

Ваквите колачиња постојат определен временски период (обично после завршувањето на моменталната посета) пред да завршат.

## Приватност на колачињата

Нема да биде направен обид да се идентификува корисникот или неговото пребарувачко дејствување, освен ако тоа не е определено со закон, како на пример во случај на истрага, каде што извршна правна установа може да бара налог за проверка на досиејата на најави на давателот на интернет услугата.

Вие може да одбите употребува на колачиња со тоа што ќе ја одберете потребната опција на вашиот пребарувач. Меѓутоа, ве молиме имајте на ум дека ако го направите ова вие можеби нема да можете да ја употребите целата функционалност.

Нашата интернет страница употребува Google Analytics, услуга која ги пренесува податоците за движење низ интернет страницата на Google серверите во Соединетите Американски Држави. Google Analytics не идентификува индивидуални корисници или не ја поврзува вашата ИП адреса со кои било други податоци кои ги чува Google. Ние употребуваме извештаи обезбедени од Google Analytics за да ни помогнат да го разбереме движењето низ интернет страницата и нејзината употреба.

Со употребата на оваа интернет страница вие се согласувате Google да ги обработува податоците за вас на начинот кој е опишан во политиката за приватност на Google, како и за погореопишаните цели. Вие може да се повлечете од Google Analytics ако го исклучите или одбиете колачето, ако го исклучите JavaScript или ако ја употребите услугата „се откажувам“, обезбедена од Google.